Почитувани,

Подолу ќе ги прочитате прашањата и одговорите во врска со објавенниот Јавен повик од 12 јуни 2020 година а која се однесува на финансиската поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 периодот.

Секој петок заклучно 10 јули 2020 година на веб страната на Министерството за економија ќе ги објавуваме најчесто поставуваните прашања како и одговорите на истите.

Доколку не го најдете одговорот на вашето прашање, слободно пишете на info@economy.gov.mkили јавете се на тел број (02) 3093488.

---

**Дали туристичка агенција со А лиценца со регистрирана дејност 79.11 - Дејности на туристичките агенции е квалификуван апликант на повикот?**

*Туристичките агенции немаат право да аплицираат на Повикот бидејќивршат лиценцирана дејност која според Уредбата член 4 став 1 алинеја 7 не можат да бидат корисници на финансиската поддршка.*

---

**Дали финансиска помош можат да добијат само оние фирми кои не користеле државна мерка за економска помош против COVID 19 во овој период, или, добивањето на сретства не е зависно од тоа?**

**Исто така ме интересира дали фирми чии проекти за инвестирање се финансиски поддржани од други институции (пример Фонд за Инвестиции и Технолошки Развој- ФИТР) имаат право да ја помогнат својата инвестиција и со државна помош?**

*Државната помош се контролира од Комисијата за заштита на конкуренцијата. При апликација вие односно секој деловен субјект е должен истото да го пријавува. Меѓутоа, тоа не е услов деловниот субјект да не добие државна помош.*

*Сепак, државна помош за иста намена два пати не може да се добива.*

---

**Дали деловни субјекти кои вршат трговија, а инвестираат во постоечки објекти (замена на кровна конструкција, прозори, облога на надворешни ѕидови со термо изолација) може да аплицираат за финансиска поддршка по горенаведениот оглас?**

*Одговорот на вашето прашање ќе го најдете во член 13 став 2 алинеја 2 од Уредбата во која се вели дека за градежните зафати треба да имате документација (дозволи, одобренија и сл.). Доколку за реконструкција на вашиот објект добиете документ од општината, можете да аплицирате.*

---

**Дали инвестицискиот проект треба да е започнат со реализација или истиот треба да започне по одобрување на апликацијата?**

Дали опремата треба да биде исклучиво нова или дозволено е набавка на половна?

*Корисници на финансиската поддржка можат да бидат и деловните субјекти кои со својата инвестиција почнале од март месец 2020 година. Но, корисници можат да бидат и тие кои според инвестицискиот план планираат од добивање на финансиската поддршка да ја почнат својата инвестиција. Како и да е, инвестицијата треба да ја завршат 31 декември 2020 година и за тоа да доставаат завршен Извештај. Доколку инвестицијата не може да се заврши до крајот на годината, корисникот, деловниот субјект поднесува извештај за напредок, прогрес на инвестицијата.*

*Одговорот на второто прашање ќе го најдете во член 13 став 2 алинеја 1. Машините не треба да бидат стари повеќе од две години, но истите треба да бидат купени од март 2020 година па натаму.*

---

**Дали претпријатие кое води сметководствениработиможат да аплицираат за овој инструмент?.**

*Стручните, научните и техничките дејности во кои, меѓу останатите, спаѓа и сметководството, ревизорството и даночното советување, не спаѓаат во дејностите кои можат да бидат корисници на финансиската помош согласно оваа Уредба.*

---

**Нашата фирма има Договор со Министерството за економија за финансиска поддршка на инвестиции во 2018 година и анекс кон Договорот во 2019 година согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите.**

**Дали за нашата фирма се однесува новата Уредба како и склучување на нов договор како што е наведено во истата?**

*Вашиот деловен субјект може да аплицира согласно Уредбата доколку имате нова инвестиција или друга инвестиција која е различна од таа која се финансира согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите.*

---

**Јас сум управител на компанија која ќе се занимава со рециклирање на отпаден материјал и има деловен објект кој сеуште не е завршен и машините не се купени. Бидејќи сеуште сме во завршна фаза на инвестиции, а не на реализација, сосема логично е што имаме негативен финансиски резултат во 2019 година, а покрај тоа сме и кредитирани од Банка за изведување на инвестицијата.**

**Моите прашања се:**

**- дали може да аплицираме на горе наведениот повик?**

**- дали повикот подразбира неповратна финансиска поддршка?**

*Со оглед дека имате негативен финансиски резултат во 2019 година, вашето претпријатие не може да биде корисник на финансиска поддршка согласно оваа Уредба (член 4 став 1 алинеја 1).*

*Инаку,*

*Со повикотсе повикуваат претпријатијата кои инвестираат или ќе инвестираат со цел да им се излезе во пресрет со финансиска поддршка која се разбира доколку претпријатијата не ја користат за намената за која аплицирале, истата ќе ја вратат. Доколку се*

*придржуваат на спроведување на инвестицискиот план со кој аплицираат, ДА, финансиските средства се неповратни.*

---

**Имено во делот 2 од повикот е наведено дека финансиска подршка можат да користат субјекти кои се корисници на концесии на добра во општ интерес доколку концесијата не се користи за реализација во инвестицискиот проект.Дали ќе може мало појаснување во однос на овој услов.Дали ова значи дека финансиската подршка се однесува за нови машини, опрема, нови вработувања и слично?**

**Во однос на делот 3 од истиот повик од друга страна како услов е наведено дека субјекти кои се корисници на право на концесии на добра во општ интерес неможе да учествуваат на повикот.**

**Со оглед дека нашиот клиент е корисник на право на концесија, прашањето кое се поставува е дали може на овој повик да учествуваат субјекти кои се корисници на право на концесии на добра во општ интерес или неможе да учествуваат?**

*Во член 2 се наведуваат дејностите кои имаат право да аплицираат за финансиска поддршка и согласно тоа, тоа право им се дава и на концесионерите но САМО доколку реализираат друга инвестиција која нема врска со бизнисот за кој е добиена концесијата. Затоа, доколку вашиот клиент купува машини или побарува средства за било каква друга инвестиција надвор од делокругот на бизнисот врзан со концесијата, може да аплицира.*

*Додека во член 3 наведени се дејностите кои НЕМААТ право да бараат финансиска поддршка согласно оваа Уредба. Во тој список се и концесионерите како такви дејности, што значи дека било каква инвестиција за обавување на бизнисот за кој е добиенаконцесијата, нема да се признае како инвестиција согласно оваа Уредба.*

---

**Уште пред да почне кризата бевме во процес на набавка на софтвер кој ќе го покрие целото наше работење, но новонастаната ситуација со Ковид 19 влијаеше на процесот на воведување на нашиот софтвер.Секако оваа помош нас многу сериозно ни значи. Ние сме друштво за компјутерско образование со шифра на дејност 85,59 - Друго образование, неспомнато на друго место и сакаме да ја подобриме нашата конкурентска предност преку ангажирање на софтверска компанија која би изработила софтверско решение за дигитализација на тековните процеси и менаџирање на ресурси.**

**Првото прашање ми е:**

**Дали со нашата дејност на работење, влегуваме во оваа категорија на деловни субјекти кои можат да аплицираат за добивање на оваа финансиска помош со инвестициски план за изработка на софтвер?**

**Второто прашање е:**

**Доколку имам право да аплицирам за набавка - изработка на апликативен софтвер кој би чинел од 50.000-100.000 евра (од надворешна фирма), дали може и трошоците за проектирање, анализа и изучување на други програми во регионот за внатрешни лица (вработени во Семос Едукација) или надворешни лица ангажирани во проектот, како плати во вкупна вредност од околу 20.000 евра да бидат подобни трошоци за финансирање и составен дел од софтверот?**

Јавниот повик се однесува на производни, трговски и ИКТ компании.

*За жал иако вашето претпријатие е ИКТ односно друштво за компјутерско образование, повикот не е наменет за вас.*

*Проектот на ИКТ компаниите кои ќе аплицираат за финансиска поддршка согласно овој повик треба да развиваат софтвер или хардвер за структурно организирање на производно претпријатие или пак преструкруирање на организациониот ситем на претпријатијето преку дигитализација.*

*Ако вашето второ прашање се однесува на погореизнесеното, можете да аплицирате но трошоците за плати нема да се одобрат.*

---

**Дали вложувањата во основни средства (деловен инвентар, расвета-електрификација на просторот, климатизација и сл) на туѓи објекти (нашите продажни објекти земени под закуп) се прифатливи за добивање на финансиска поддршка?**

*НЕ.*

---

**Дали вложувањето во софтвер набавен од странство (САП) е прифатлив за добивање на финансиска поддршка?**

*Да.*

---

**Дали е можно во инвестициониот план да се наведат повеќе основни средства или за секое основно средство е потребно посебна апликација?**

*Да, можете во еден инвестициски план да наведете повеќе основни средства доколку истите служат за заокружување на еден ист проект. Доколку предвидувате основни средства за различити намени, различити проекти, тоа не ќе се поддржи.*

---

**Дали обезбедувањето на меницата со менична изјава во форма на нотарски акт со извршна клаузула значи авалирање односно гарантирање од физички лице или е доволно како гарант на меницата да се јави само нашето правно лице?**

*Може и од физички лица. Може и од правни лица. А може и од едниот и од другиот*

---

**Дали сте во можност да ни доставите нацрт на договор за финансиската поддршка?**

*Договорот е фаза на подготвување и ќе биде јавно публикуван и достапен за сите заинтересирани страни.*

---

**Ве замолувам да ме информирате дали во основни средства ги вклучувате и товарните возила, бидејќи планираме да инвестираме во товарно возило за потребите на нашата фирма.**

*Товарните возила не се предмет на поддршка согласно овој Повик.*

---

**Ве молам за одговор покрај заверената пресметка за аконтациите на данок на добивка за месеците март, април и мај дали е потребно овие аконтации да бидат платени и обврската за нив да биде подмирена во целост за да може да се аплицира за финансиската поддршка?**

*За аплицирање доволни се пресметките. Тие треба да бидат заверени од страна на книговодителот.*

---

**Во повикот забележивмеедно ограничување, а тоа е дека деловни субјекти кои не можат да користат финансиска поддршка се компаниите кои имале негативен финансиски резултат во 2019 година.**

**Сметаме дека е неправедно компаниите со негативен резултат да бидат исклучени од можноста за користење на мерката, кога токму на тие компании помошта им е најпотребна, особено кога постои можност негативниот резултат да произлегува токму од инвестирање во проекти.**

*Повикот се однесува за поддршка на претпријатија кои во времето на Ковид 19 претрпиле загуби, што значи дека претпријатијата кои имале негативен финансиски извештај во 2019 година, финансискиот резултат не им бил како последица на Ковид 19, бидејќи Ковид 19 кај нас се појави на почетокот на оваа 2020 година.*

---

**Што се подразбира под развој на ново софтверско решение?Дали се однесува на развој на сопствен продукт кој ИТ компанијата евентуално би го користела за интерните процеси и цели, или продукт (софтвер) наменет за за продажба. И дали создавањето на софтвер како outsource услуга влегува во оваа категорија односно како можност за аплицирање за финансиска поддршка?**

*Софтверско решение значи развивање на продукт за сопствени потреби, за потребите на познат купец или пак за продажба цо цел масовно користење. Каков и да е видот на сфтверот кој го креирате треба да биде наменет за претпријатијата не и за граѓаните односно физички лица.*

*Креирање на софтвер наменет за потребите на клиенти надвор од РС Македонија, не ќе се поддржат.*

---